СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

Коалиција на младински организации СЕГА
ул. Иво Лола Рибар 5, 7500 Прилеп, Македонија

Тел/факс: +389 48 429 390
www.sega.org.mk sega@sega.org.mk

# Записник од одржаниот состанок на Собранието на Коалиција СЕГА Прилеп, 11 Мај 2010 год.

Коалицијата на младински организации СЕГА, на ден 11.05.2010 год. (вторник) со почеток во 11:00 часот во просториите на Централната канцеларија на СЕГА одржа Годишно Собрание.

На Собранието беа присутни претставници од 16 членки на Коалиција СЕГА: Младински Форум ОКО, Форум на Млади – Битола, Мрежа на Млади Фармери, Организација на жените на Општина Свети Николе, Младински Клуб Штип, Интеркултура, Центар за Демократски Развој и Интеграција, Центар за Развој и Унапредување на Јавниот Живот, Волонтерски Центар-Скопје, Институт за Развој на Заедницата, Младински Совет Прилеп, ЗОНА Кавадарци, ХОПС, Младински Совет Охрид, Младински Совет Струмица, Граѓански Центар за Превенција и Ресоцијализација. На состанокот беше присутен и претставник на Центар за Институционален Развој (ЦИРа) како надворешно лице. Организациите МЦПРК, УМКА, СЕМПЕР, СПУКМ, СУМ, ЗГ Акција за млади Делчево и ЗГ Голем Град Ресен го најавија своето отсуство од состанокот. Организациите МЕКС, Парумба, ГАМА, ИМОР, БЕСТ, Граѓанска Асоцијација, Младински Совет Делчево и Прокултура не го најавија своето отсуство.

Пред да започне Собранието, на присутните членки им се обрати Христијан Јанкулоски, Претседавач на Собранието на Коалиција СЕГА информирајќи за тоа кои членки на СЕГА се присутни, кои членки најавија присуство и кои членки нема да дојдат. Откако беше утврдено присуството, беше констатирано дека има кворум за работа со што Собранието беше започнато. Христијан предложи записникот за овој настан да го води Томислав Гајтаноски, истиот да го оверат претставниците на ЗОНА Кавадарци и Младински Совет Струмица.

На дневен ред беа планирани следните 7 точки:

1. Усвојување на записникот на претходната седница на Собранието;
2. Ревидирање на членство;
3. Разгледување и усвојување на Извештајот на Управниот Одбор на СЕГА
4. Разгледување и усвојување на Извештајот на Надзорниот Одбор на СЕГА;
5. Разгледување и усвојување на Програмскиот извештај за работата на СЕГА за периодот на 2009 година;
6. Разгледување и усвојување на Финансискиот извештај за работата на СЕГА за периодот на 2009 година;
7. Разно

На почеток на седницата, беше даден предлог на Претседавачот на Собранието за дополнување на дневниот ред, со точка Разгледување и усвојување на Програма за

работа за 2010 год. Предлогот беше ставен на гласање и едно гласно усвоен. Во согласност со одлуката, како 7 точка од дневниот ред се додаде точката Разгледување и усвојување на Програма за работа за 2010 год., а точката 8 е точка разно.
Во однос на **точка 1** беше дадено време за читање на записникот, по што беше дадено време за дискусија. Бидејќи присутните на собранието немаа забелешка на записникот од претходното Собрание истиот се стави на гласање. Записникот беше едногласно усвоен.

Во однос на **точка 2**, Христијан Јанкулоски образложи зошто е потребно да се плаќа членарината потенцирајќи го статусот на членките на Коалицијата во однос на обврската за подмирување на членарината. Откако претседавачот ги наведе статутарните одредби кои се однесуваат на основното и придружно членство на СЕГА, тој предложи, поради неплаќање на членарина за 2009 година, следните членки да преминат од основно во придружно членство: „СЕМПЕР", „ИВКА Македонија" и „Средношколска Унија на Македонија". Предлогот за промена на членство на трите организации беше ставен на гласање. ЗА истиот гласаа сите присутни на собранието, со што основните членки од 2009 година: „СЕМПЕР", „ИВКА Македонија" и „Средношколска Унија на Македонија" станаа придружни членки. Понатаму се разгледуваше статусот на останатите основни членки - организацијата МЕКС, која беше примена како членка на СЕГА на претходното Собрание, без да уплати членарина за 2008 година, а воедно на истото побара и беше прифатена како основна членка и во 2009 година, беше констатирано дека истата организација нема извршено уплата за годишна членарина за 2009. После оваа дискусија беше предложено да истата се исклучи од членство на Коалиција СЕГА. Предлогот беше ставен на гласање. ЗА предлогот гласаа сите присутни на собранието, со што се донесе одлука организацијата МЕКС да биде исклучена од СЕГА. Пред да биде верифициран бројот на полноправни членки на СЕГА, од страна на Младински Совет Струмица беше доставено писмено барање за промена на членство во СЕГА од придружно во основно. Предлогот беше ставен на гласање и усвоен со 9 гласа ЗА и еден глас ВОЗДРЖАН (до моментот на гласање не беа пристигнати претставниците на основните членки ЦДРИ и ВЦС). После ревидирањето на основните членки во СЕГА, се премина кон ревидирање на придружните членки. При тоа беше утврдени бројот на придружните членки кои немаат подмирено членарина. Според тоа беше предложено организациите „ИМОР – Битола", „БЕСТ – Скопје", „ГАМА – Берово", „Прокултура – Скопје", „Граѓанска Асоцијација – Битола", „Парумба – Струга", и Младински Совет Делчево да бидат исклучени од членство. Предлогот беше ставен на гласање и едногласно усвоен. Потоа Претседавачот на Управниот Одбор Димче Каневче ги информира членовите на Собранието дека на последниот состанок на УО беа примени нови три организации со придружно членство. Со финализирањето на промените во однос на членките на СЕГА, беше утврдено дека 15 организации се основни членки додека 11 организации се придружни членки на Коалиција СЕГА. Во согласност со Деловникот за работа на Собранието на СЕГА, после утврдувањето на бројот на организациите членки, Претседавачот Христијан Јанкулоски праша дали некој од членките на СЕГА не присуствувал на три состаноци на Собрание на СЕГА без претходна најава за отсуство. На ова прашање беше дадена информација од страна на Административниот и финансиски менаџер дека нема таков случај.

Според **точка 3,** Претседавачот на Управниот Одбор на СЕГА - Димче Каневче го презентираше Годишниот извештај за работата на Управниот Одбор, нагласувајќи го бројот на состаноци во 2009 година, како и бројот и типот на одлуки кои се донесени ов текот на 2009 год. Исто така напомена дека членот на YMCA кој беше номиниран за член на УО воопшто не присуствувал на ниту еден состанок, и даде препорака на Собранието

да предложи нова организација која ќе номинира член во Управниот Одбор. Александар Мишевски од Форум на Млади Битола праша зошто од страна на УО е донесена Декларацијата за користење дрога, алкохол и цигари. Димче образложи дека тоа беше препорака од еден од донаторите со кој Коалицијата СЕГА соработуваше во периодот на 2009 год. По излагањето, годишниот извештај беше ставен на гласање и едногласно усвоен.

По однос на **точка 4**, членот на Надзорниот Одбор Самоил Малчески накратко го образложи Извештајот на Надзорниот Одбор од состанокот одржан на 08.05.2010 година. Исто така ги наведе и препораките кои беа донесени на тој состанок. Беше предложено препораките од НО да се разгледуваат под точка разно. После презентацијата Извештајот од НО беше ставен на гласање и едногласно усвоен.

За **точка 5**, Извршниот Директор, Зоран Илиески, се обрати кон присутните и извести за содржината на програмскиот извештајот, за постигнатите резултати, за проектите кои се беа имплементирани и кои се започнати кон крајот на 2009 год. Тој исто така зборуваше и за други организациски активности кои беа превземени во текот на 2009 год. Присутните го искажаа своето задоволство до персоналот во Централната Канцеларија за постигнатите резултати нагласувајќи го зголемениот обем на работа во однос на претходните години на функционирање. Претставникот на ЗОНА Кавадарци препорача да се проверуваат капацитетите на организациите кои аплицираат за членство во Коалицијата истовремено нагласувајќи ја потребата од подобрување на комуникацијата помеѓу организациите членки. Христијан Јанкулоски исто така упати пофалба за сите вклучени во активностите на СЕГА во претходната година како за содржината на извештајот давајќи забелешка во следниот годишен извештај да се вметнат имињата и логоата на организациите членки како и визијата и мисијата на Коалицијата СЕГА. Борислав Павлоски од ЦДРИ - Тетово ја искажа својата поддршка до централната канцеларија за прогресот во функционирањето на СЕГА, но исто така упати и на недостатокот на видливост на Регионалната Канцеларија на СЕГА во Тетово како и недоволната комуникација. Исто така препорача Централната канцеларија и Регионалната канцеларија во Тетово да обрнат повеќе внимание на тоа во наредниот период. Зоран Илиески на тоа одговори дека не постојат средства за ПР стратегија која би ја зголемила видливоста на СЕГА. Исто така наведе дека видливоста на СЕГА се гради според проектните активности кои се спроведуваат на локално ниво. Исто така наведе дека се согласува со Борислав Павлоски дека видливоста и комуникацијата со регионалната канцеларија не е на потребното ниво, додавајќи дека треба да се направи анализа и стратегија за функционирање на регионалната канцеларија во Тетово како и да се креира ПР стратегија. Димче даде забелешка дека се потребни повеќе фотографии во следниот годишен извештај. Потоа точката беше ставена на гласање и извештајот беше едногласно усвоен вклучувајќи ги забелешките во однос на дополнување на истиот.

По однос на **точка 6** до присутните повторно се обрати Зоран Илиески кој го презентираше Билансот на приходи и расходи презентирајќи го финансиското работење на Коалиција СЕГА. При тоа информира дека Коалицијата има шест жиро-сметки односно за секој проект одделно. Христијан Јанкулоски упати пофалба за зголемените фондови во споредба со претходните години но исто така и се осврна на непропорционалното зголемување на програмските средства во однос на износот на членарина. Потоа финансискиот извештај беше ставен на гласање и притоа едногласно усвоен.

Во согласност со дневниот ред, следна беше **точка 7**, на која се разгледуваше Годишната Програма за работа на Коалицијата во 2010 година. Бидејќи истата не беше претходно доставена до членките на СЕГА заедно со другите документи на разгледување, Христијан Јанкулоски предложи 5 минути пауза за да можат присутните да ја разгледаат програмата. По завршувањето на паузата, Зоран Илиески ја образложи програмата потенцирајќи дека таа се базира на Стратешкиот План на СЕГА 2010 -2012 година. Исто така наведе дека во 2010 година ќе се продолжи со градењето соработка со локалните и националните институции. Откако беше презентирана програмата, претставникот на ОЖ Свети Николе, Александар Богатинов, праша зошто се работи на Локална Младинска Стратегија во Свети Николе кога веќе постои Стратегија за млади која е усвоена во 2007 година. На ова прашање Извршниот директор одговори дека процесот на креирање на локални младински стратегии е дел на Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади содржи и креирање на 10 локални младински политики. Тој додаде дека во однос на селекцијата на градови одговорна беше Агенцијата за млади и спорт која е партнер во овој проект. Исто така беше дискутирано дали претставниците со ОЖ Свети Николе разговарале на оваа тема со ЕЛС Свети Николе. По дискусијата Христијан Јанкулоски препорача процесот да биде инклузивен за сите членки кои сакаат да се вклучат во активностите. После дискусијата Годишната програма за 2010 год. беше ставена на гласање и едногласно усвоена.

Под **точка 8**, најпрво Христијан Јанкулоски започна дискусија која се однесуваше на предлогот на Претседавачот на УО за проблемите кои УО ги има со недоаѓањето на членот на УО номиниран од УМКА Македонија. Потоа Димче Каневче образложи за моменталната ситуација како и за неодговорноста на поканите за присуство на состаноците на УО. Исто така Димче Каневче предложи да се смени членот на УО односно, Собранието да одбере нова организација која ќе номинира член на УО. По излагањето, во согласност со деловникот за работа и статутот на СЕГА, Претседавачот на собранието предложи организацијата Волонтерски Центар Скопје да биде организација членка на УО. Предлогот беше ставен на гласање и едногласно усвоен. Со тоа се констатира дека организацијата Волонтерски Центар Скопје е член на Управниот одбор и во период од 7 дена од доставувањето на официјална покана треба да номинира свој претставник во УО.

Потоа следна дискусија беа препораките на Надзорниот Одбор. Според тоа, Самоил накратко ги образложи препораките:

- Поставување на back-office, односно поставување на интерни документи на серверот на СЕГА со цел користење на документите од страна на членките на СЕГА. Оваа база на податоци да биде за интерна употреба на Коалицијата и нејзините членки;
- Да се зголеми информираноста на членките на Коалицијата за работата на Коалицијата;
- Обезбедување на нови членки во Коалицијата во градовите во кои не е присутна Коалицијата;
- Собранието на СЕГА да донесе задолжителна одлука за поставување на логото на СЕГА на веб страните на сите членки на СЕГА (доколку имаат веб страни);
- Одржување на квартални средби на Надзорниот Одбор или најмалку двапати годишно – можност состаноците да се организираат во регионалните канцеларии на СЕГА;

- Отпочнување на соработка и можност за членство на студентските парламенти од Универзитетот ЈИЕ, Универзитетот Св. Климент Охридски - Битола и Универзитетот Гоце Делчев - Штип.;
- Да се обезбеди регуларно вработување (со платен придонеси) на најмалку две лица со клучни функции во централната канцеларија на СЕГА;
- При можност за орочување на програмски средства, најпрво да се побара одобрение од соодветниот донатор;
- Воведување на регуларни дневници за вработените на СЕГА при работа надвор од канцеларијата чија висина ќе се одреди според утврдените законски прописи;
- Обезбедување на годишен Фонд за лобирање – оперативни трошоци.

По објаснувањето на препораките се надоврза Зоран Богдановски, кој учествуваше во работата на собранието како претставник на еден од тековните донатори на СЕГА, од програмата Civica Mobilitas, даде неколку клучни препораки.
По деталното објаснување на препораките донесени од Надзорниот Одбор, собранието даде препорака до централната канцеларија да креира механизам за тоа какви документи треба да се постават (протокол за користење интерни документи) и да се достави до УО на разгледување.
Во понатамошниот дел од работата, Собранието ја задолжи централната канцеларија да пристапи кон организации од градови каде што Коалицијата нема членки како и да пристапи кон другите Студентски Сојузи/Парламенти во Република Македонија (Штип, Тетово и Битола) со цел нивно идно зачленување во организацијата.
Потоа Христијан Јанкулоски отвори дискусија за потребата организациите членки да го поставаат логото на СЕГА на своите веб страни. Димче Каневче наведе дека организациите членки немаат потреба да го ставаат логото на СЕГА на нивните веб страни. На тоа Христијан Јанкулоски одговори дека организациите членки на СЕГА имаат права и одговорности а поставувањето на логото е одговорност на членките со што ќе придонесат кон градењето на чувството на припадност кон СЕГА и кон поголема видливост. Потоа предлогот за донесување на одлука за задолжително поставување на логото (со линк кон веб страната) на СЕГА на матичните веб страни на организациите членки на СЕГА, беше ставен на гласање. Предлогот беше усвоен со 12 гласа ЗА и еден глас ПРОТИВ.
Понатаму Христијан Јанкуловски препорача дека е добро да се одржуваат повеќе состаноци на Надзорниот Одбор на годишно ниво за кое исто се согласија сите членови на Собранието.
Како една од главните препораки од Надзорниот Одбор беше вработување на два или три клучни членови на персоналот на СЕГА за да се зајакне одржливоста на човечките ресурси во централната канцеларија. Христијан Јанкуловски на тоа предложи да се направи финансиски план на трошоци за вработување и да се идентификуваат можните извори на финансирање за таа намена. Потоа Зоран Богдановски препорача развивање на ставка overhead во понатамошното аплицирање на проекти и програми. Христијан Јанкуловски го стави предлогот за изготвување на проценка на трошоците и да се достави до УО. Предлогот беше ставен на гласање и едногласно усвоен.
Во понатамошниот дел од дискусијата беше разговарано и за потребата од пререгистрација на Коалицијата според новиот Закон за Здруженија на граѓани и Фондации, кое што би имплицирало со измена на статутот.
Потоа беше дискутирана препораката на Надзорниот Одбор во однос на исплаќање на дневници за вработените на СЕГА при работа надвор од канцеларијата. Се донесе заклучок централната канцеларија да предложи одредена сума во согласност со позитивните законски прописи до УО, по што УО да донесе одлука за исплата на дневници

за сите претставници на СЕГА кои службено треба да патуваат надвор од местото на живеење. Исто така беше дискутирана препораката во буџетирањето на програмските активности на СЕГА да се интегрира Фонд за лобирање кој што треба да ја зајакне мотивацијата и одржливоста на организацијата.
Следно за дискусија беше споделувањето на информации од страна на организациите членки до централната канцеларија на СЕГА. Зоран Илиески укажа на направените напори за добивање информации од организациите членки за нивната работа. Исто така ја наведе потребата од познавањето на програмите и активностите на организациите членки бидејќи тоа е дел од барањата на донаторите во процесот на комуникација и лобирање за идни програми и проекти. Никола Деков од ЗОНА ја нагласи незаинтересираноста на членките е главен проблем за ширењето на информациите. На тоа се надоврза Димче Каневче потенцирајќи ја потребата за Програма за функционирање на Регионалните Канцеларии. Драгана Митровиќ се согласи на претходното наведувајќи дека исто така потребна е и комуникациска стратегија за регионалните канцеларии. Борислав Павлоски исто така ја искажа потребата од подобрување на комуникацијата помеѓу организациите членки потенцирајќи го својот регион. На тоа тој додаде дека главен проблем за спроведување на таквите програми и стратегии се финансиските средства. Христијан Јанкулоски предложи да се направи работна група за оние организации кои се залагаат да се подобри комуникацијата и во Септември да се состане со цел да се направи комуникациска стратегија на РК и ЦК заедно со програма за регионалните канцеларии. Со тоа беше донесен заклучок дека во Септември треба да се започне процес на креирање на годишна програма вклучувајќи и компонента за подобрување на работата на РК како и споделувањето на информации помеѓу организациите членки, регионалните канцеларии и централната канцеларија. Предлогот за креирање на работна група беше ставен на гласање и едногласно усвоен.

Состанокот заврши во 14:30 часот.

Записничар:
Томислав Гајтаноски